РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2339/11
19-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-та седница, одржана на ден 15.04.2022 година, ја донесе следнава:

## О д л у к а

Постапката по предметот бр. 09-2339/1 од 29.06.2021 година, оформен по доставена пријава од познат подносител против лицето ----------, поранешен претседател на совет на Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

По утврдена фактичка состојба, ДКСК констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, но лицето го прекршило член 82 став 1 од ЗСКСИ по што до него е доставен записник и прекршочен платен налог и по уплата на истиот во законски рок, ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.06.2021 година, доставена е пријава за лицето поранешен претседател на совет на Општина --------------, -------- и оформен е предмет број 09-2339/1 од 29.06.2021 година.

Наводите во пријавата се дека во ------------ од исто семејство, сопругот е Претседател на совет на Општина ----------, додека сопругата е Директор на ------------ од истата општина.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија се обрати до Општина -------------.

Од страна на Општина ------------беа доставени вкупно 12 записници од одржани седници на Советот на Општина ----------- за 2019, 2020 и 2021 година, каде што се разгледани наведените точки на дневен ред поврзани со работењето на ЈОУ --------------. Во дописот од Општината е наведено дека во сите записници се забележува дека кога станува збор за разгледување на споменатите точки, тогашниот претседател на совет на Општина ------------

-, -------------, ниту се јавува за збор, ниту гласа по нив/се иззема од гласање. Само во три од нив се наведува колку од присутните гласале ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАНИ, без да се наведе кој не гласал или се иземал од гласањето, иако било евидентно дека лицето ----------- не гласал по тие точки. Според општината доказ за тоа е што никој од присутните членови на Советот не реагирал за евентуалното негово гласање по тие точки во текот на седницата, ниту дал забелешка при усвојување на Записниците од наведените седници.

Понатаму, од општината наведуваат дека Иземањето на лицето ------------ при разгледување и гласање на предложените точки од ЈОУ ------------се потврдуваат со заведените, потпишаните и заверените записници од претходниот и сегашниот претседател на Советот на Општина -----------, како и од снимките од локалната ТВ ---------- од --------------, за кои постоеле архивирани ЦД-а во архивата на општина -------------.

Во текот на постапувањето е утврдено дека по поднесување на оставка на лицето ------------- од функцијата Претседател на совет на Општина ------------, за нов Претседател на советот на наведената општина е избрано лицето ------------- со решение за избор на Претседател на Советот на Општина ---------- со бр. 09-1528/1 од 30.09.2019 година. Наведеното лице во пропишаниот рок од член 82 став 1 од ЗСКСИ не доставило Анкетен лист и Изјава за интереси за извршување на новата функција Претседател на совет на Општина -------------- со што сторило прекршок на член 109 став 1 алинеја 1 од ЗСКСИ.

Согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ се поведе постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог на лицето -------------- поради повреда на член 82 став 1 од ЗСКСИ.

На ден 16.09.2021 година лицето ----------- достави доказ дека ја платил глобата по издадениот платен налог.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М - Советник
Контролирал: К.З. - Раководител